Република Северна Македонија
Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство
СЕКТОР ЗА РЕГИСТРИРАЊЕ, УПРАВУВАЊЕ, УНАПРЕДУВАЊЕ И ПРОДАЖБА НА ЗЕМЈОДЕЛСКО ЗЕМЈИШТЕ ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ

19.07 2019

АРХИВСКИ БРОЈ: 39 – 7779/9

Врз основа на член 30 став 1 од Законот за земјоделското земјиште ("Службен весник на Република Македонија" бр.135/07, 18/11, 148/11, 95/12, 79/13, 87/13, 106/13, 164/13, 39/14, 130/14, 166/14, 72/15, 98/15, 154/15, 215/15, 7/16 и 39/16), а во врска со член 25-а од Законот за земјоделското земјиште, по претходно спроведена постапка по Јавен повик бр.01/18 од 12.12.2018 година за давање во закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост за површини до 3 хектари и донесена Одлука за избор на најповолени понудувачи за давање во закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост до 3 хектари за КО Црнилиште бр.41-5354/168 од 13.05.2019 година од страна на Комисијата, министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство го склучува следниот

# ДОГОВОР

## за закуп на земјоделско земјиште

### ДОГОВОРНИ СТРАНИ

1.Закуподавач: Република Северна Македонија - Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, претставувано од министерот Трајан Димковски (во натамошен текст: закуподавач),

2.Закупец: [redacted] ЕМБГ [redacted] (во натамошниот текст: закупец).

Член 1

### ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

1.Предмет на овој договор е давање под закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост со вкупна површина од 2ха 43ар 67м².

2.Податоците за земјоделското земјиште од член 1 точка 1 на овој договор според постоечката катастарска евиденција се наведени во следниот табеларен преглед.


Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Северна Македонија
Ул. „Аминта Трети" бр. 2, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3134 477
www.mzsv.gov.mk
МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2015

Република Северна Македонија

**Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство**

# СЕКТОР ЗА РЕГИСТРИРАЊЕ, УПРАВУВАЊЕ, УНАПРЕДУВАЊЕ И ПРОДАЖБА НА ЗЕМЈОДЕЛСКО ЗЕМЈИШТЕ ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ

| Р. Бр. | Катастарска Општина | Место Викано | И.Л. Бр. | К.П. Бр. | Култура | КК | Површина | | | Износ на годишна закупнина изразена во денари/ха | Намена |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | ха | ар | m² | | |
| 1 | Црнилиште | Бреслика | 6 | 2708 | Нива | 4 | 1 | 36 | 68 | 13.258,00 | Земјоделски култури |
| 2 | Црнилиште | Бреслика | 6 | 2743 | Нива | 4 | 1 | 06 | 99 | 10.379,00 | Земјоделски култури |
| ВКУПНО | | | | | | | **2** | **43** | **67** | **29.220,00** | |

Член 2

НАДОМЕСТ (ЗАКУПНИНА)

1.Закупецот е должен да плаќа годишната закупнина во износ 29.220,00 денари (дваесет и девет илјади двесте и дваесет денари).

2.Износот на закупнината закупецот е должен да ја плати најдоцна до 31 јули во тековната година за претходната година.

3.Закупнината се уплаќа на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија. Закупецот е должен примерок од уплатницата за платена закупнина да достави до Подрачната Единица на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство каде се наоѓа земјиштето.

Член 3

НАМЕНА И ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ

1.Договорот за закуп на земјоделско земјиште се склучува за садење на други земјоделски култури за период до 15 (петнаесетт) години сметано од денот на записничкото воведување на закупецот во владение.

2.Условите предвидени во бизнис планот (кај правните лица) односно програмата за користење на земјоделското земјиште (за физички лица) се составен дел од договорот со избраниот понудувач како договорни обврски кои ќе биде должен да ги исполни во обемот, роковите и на начинот како што се предвидени во јавниот повик бр.01/18.

Република Северна Македонија

Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство

СЕКТОР ЗА РЕГИСТРИРАЊЕ, УПРАВУВАЊЕ, УНАПРЕДУВАЊЕ И ПРОДАЖБА НА ЗЕМЈОДЕЛСКО ЗЕМЈИШТЕ ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ

23. 07. 2019 2019

АРХИВСКИ БРОЈ: 39 – 7820/1

Врз основа на член 30 став 1 од Законот за земјоделското земјиште ("Службен весник на Република Македонија" бр.135/07, 18/11, 148/11, 95/12, 79/13, 87/13, 106/13, 164/13, 39/14, 130/14, 166/14, 72/15, 98/15, 154/15, 215/15, 7/16 и 39/16), а во врска со член 25-а од Законот за земјоделското земјиште, по претходно спроведена постапка по Јавен повик бр.01/18 од 12.12.2018 година за давање во закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост за површини до 3 хектари и донесена Одлука за избор на најповолени понудувачи за давање во закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост до 3 хектари за КО Црнилиште вон-г.р. бр.41-5354/169 од 13.05.2019 година од страна на Комисијата, министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство го склучува следниот

# ДОГОВОР

## за закуп на земјоделско земјиште

### ДОГОВОРНИ СТРАНИ

1.Закуподавач: Република Северна Македонија - Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, претставувано од министерот Трајан Димковски (во натамошен текст: закуподавач),

2.Закупец: [redacted] ЕМБГ [redacted]
натамошниот текст: закупец).

Член 1

ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

1.Предмет на овој договор е давање под закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост со вкупна површина од 2 ха91 ар 47м$^2$.

2.Податоците за земјоделското земјиште од член 1 точка 1 на овој договор според постоечката катастарска евиденција се наведени во следниот табеларен преглед.

Република Северна Македонија

Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство

**СЕКТОР ЗА РЕГИСТРИРАЊЕ, УПРАВУВАЊЕ, УНАПРЕДУВАЊЕ И ПРОДАЖБА НА ЗЕМЈОДЕЛСКО ЗЕМЈИШТЕ ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ**

| Р. Бр. | Катастарска Општина | Место Викано | И.Л. Бр. | К.П. Бр. | Култура | КК | Површина | | | Износ на годишна закупнина изразена во денари/ха | Намена |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | ха | ар | m² | | |
| 1 | Црнилиште вон-г.р | Маркова Ричка | 102 | 2739 | Нива | 4 | | 37 | 90 | 10.000,00 | Житни земјоделски култури |
| 2 | Црнилиште вон-г.р | Бреслика | 6 | 2707 | Нива | 4 | | 9 | 90 | 10.000,00 | Житни земјоделски култури |
| 3 | Црнилиште вон-г.р | Бреслика | 6 | 2708 | Нива | 4 | 1 | 36 | 68 | 10.000,00 | Житни земјоделски култури |
| 4 | Црнилиште вон-г.р | Бреслика | 6 | 2743 | Нива | 4 | 1 | 06 | 99 | 10.000,00 | Житни земјоделски култури |
| | | ВКУПНО | | | | | **2** | **91** | **47** | **29.150,00** | |

Член 2

НАДОМЕСТ (ЗАКУПНИНА)

1.Закупецот е должен да плаќа годишната закупнина во износ 29.150,00 денари (дваесетидеветхијлади и стоипедесет денари).

2.Износот на закупнината закупецот е должен да ја плати најдоцна до 31 јули во тековната година за претходната година.

3.Закупнината се уплаќа на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија. Закупецот е должен примерок од уплатницата за платена закупнина да достави до Подрачната Единица на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство каде се наоѓа земјиштето.

Член 3

НАМЕНА И ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ

1.Договорот за закуп на земјоделско земјиште се склучува за садење на други земјоделски култури за период до 15 (петнаесетт) години сметано од денот на записничкото воведување на закупецот во владение.